**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 21.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 22.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/233
22.08.2019 година

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**


Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk


## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни Пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот кој започна на ден 18.08.2019 година помеѓу **селата Покрајчево и Злеово на м.в. Готен,** општина Радовиш е сеуште **<u>активен</u>**. Во гаснењето на пожарот на ден 21.08.2019 година интервенирале 9 пожарникари со 2 ПП возила од ТППЕ Радовиш и 40 вработени со 5 возила од ШС Плачковица од Радовиш. Во гаснењето на пожарот во текот на денот интервенирале и 2 авиони на ДЗС. На ден 22.08.2019 година планирано е да се продолжи со гаснењето на пожарот. На терен ќе излезе екипа од 40 вработени со 5 возила од ШС Плачковица од Радовиш.

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Прилеп** во која се наведува дека во 11:37 часот започнат е пожар над **с.Плетвар, општина Прилеп.** Гори сува трева при што е зафатена и 1 викенд куќа и плевна во која се наоѓале бали со сено. Во гаснењето на пожарот интервенираат 6 пожарникари со 2 ПП возила.

Во 15:54 часот, започнат е пожар на сува трева и шума во атар на **с.Кокре, општина Прилеп**. Во гаснењето на пожарот интервенираат 3 пожарникари со 1 ПП возило.

**РЦУК – Скопје**, ја пренесува информацијата од **БППЗ на Град Скопје** во која се наведува дека пожарот која започнал на ден 20.08.2019 година над **с.Кондово** утрово е ставен под контрола**.** Гори сува трева и мешана шума. Во гаснењето на пожарот интервенирале неколку возила и повеќе пожарникари. Во текот на ноќта е контролиран од екипа на БППЗ на Град Скопје. Со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден. (опш.Сарај).

### *1.2 Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на Град Скопје** во

периодот од во периодот од 12:10 до 14:30 часот е интервенирале при гаснење на запалена сува трева во **с. Орланци.** интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари на површина од околу 10.000м$^2$. **(опш.Арачиново);** Во периодот од 12:20 до 13:45 часот, интервенирале при гаснење на запалена сува трева на **ул. Јадранска Магострала.** интервенирале со 1 ПП возило и 4 пожарникари на површина од околу 2.000м$^2$. **(опш. Чучер Сандево);** Во периодот од 14:20 до 15:05 часот интервенирале при гаснење на запалена сува трева во **с. Горно Лисоче.** Интервенирале со 1 ПП возило и 2 пожарникари на површина од околу 1500м$^2$.**(опш.Аеродром);** БППЗ на град Скопје имале уште 8 помали интервенции на запалена сува трева на различни локации во градот и околината;

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Крушево** во која се наведува дека на ден 20.08.2019 гоидна во период 19:30 до 20:10 часот интервенирале на запалена сува тева, шишарки и гранки од борови кај гробиштата во близина на **хотел Монтана.** Во гаснењето на пожарот интервенирале 2 пожарникари со 1 ПП на површина 0,1 ха.

**РЦУК – Струмица,** известува дека **ТППЕ Струмица** во период од 22:00 до 08:30 часот интервенирале на запалена сува трева и нискостеблеста шума кај **м.в. Радешка** река во атар на **с. Лубница** во гаснењето на пожарот интервенирале 3 вработени од ШС Плачковица пожарот е ликвидиран.

**РЦУК – Штип**, известува дека во изминатото деноноќие ТППЕ Штип имала две помали интервенции во околината на Штип.

**ТППЕ Кочани** имале две помали интервенции во околината на Кочани.

**ТППЕ Виница** известува дека поради пат на далновод избувнал пожар на сува трева во **село Калиманци во маало Срушино**. Во гаснењето на пожарот во период од 12:10 до 15:15 часот интервенирале 5 пожарникари со 1 ПП возило и 3 лица со 1 теренско возило од ШС Плачковица од Виница. Била зафатена површина 2 декари.

**ТППЕ Делчево** во период од 18:15 до 18:45 часот интервенирале на запалена мешана шума во атар на **с. Бигла м.в. Шехтанци.** Била зафатена површина од 50-60 декари на мешана шума, а интервенирале 2 пожарникари, 4 лица од ШС Голак од Делчево и 4 лица од месното население со 3 теренско возила.

**РЦУК – Тетово**, известува дека **ТППЕ Тетово** имале една интервенција на запалена сува трева, а ТППЕ Гостивар две интервенции на запалена сува трева.

**РЦУК – Охрид**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Кичево** во која се наведува дека во период од 21:00 часот на ден 20.08.2019 година до 12:00 часот на ден 21.08.2019 година интервенирале на запалена борова и дабова шума во атар на **с.Мидинци**. Во гаснењето н апожарот интервенирале 4 пожарникари со 2 ПП возила.

**ТППЕ Дебар** во изминатото деноноќие имала една интервенција на запалена сува трева надвор од градот Дебар.

**РЦУК – Куманово**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Куманово** во која се наведува дека во изминатото деноноќие имале 3 интервенции на запалена сува трева на различни локации во градот и околината.

**ТППЕ Крива Паланка** во период од 12:00 до 21:40 часот, интервенирале на запалена сува трева, борова и дабова шума на површина од 6-7 хектари воа **с.Дубровница, место викано Бељаковци**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 4 пожарникари со 2 ПП возила и 4 лица од ШС Осогово со 2 тереснки возила. Во период од 15:45 до 18:30 часот, интервенирале на запалена мешана шума со даб и багрем во атар на **с.Мождивњак**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 2 пожарникари со 1 ПП возило и 6 лица до месното население. Во период од 17:38 до 21:40 часот, интервенирале на запалена борова шума на површина од околу 3 декари во атар на **с.Габар, место викано Угар**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 5 пожарникари со 2 ПП возила и 9 лица со 3 теренски возила од ШС Осогово од Крива Паланка.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **20.08.2019 година,** сите мерни параметри на автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради уличен дефект на водоводна цевка на ул. Илија Димовски бр. 7, во нас. Лисиче, без водоснабдување од 23:00 до 10:30 часот останале корисниците од **нас. Лисиче**. **(опш. Аеродром);** Поради уличен дефект ф-150мм на ул.

Октомвриска Револуција 56, без водоснабдување од 10:15 до 13:00 часот останале корисниците од **нас. Момин Поток. (опш. Карпош);** Поради уличен дефект ф 80 мм на Бул. Македонско Косовска Бригада ул. 10 (до бензинска Окта), прекинато водоснабдување од 15:20 до 20:45 часот имале корисниците од **Бул. Македонско Косовска Бригада ул. 17, ул. 23, ул. 29 и дел од Визбегово.(опш.Шуто Оризари)**

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од **ЈКП Водовод и канализација – Прилеп**, во која се наведува дека заради санација на дефекти ќе има денес во период од 08.00 до 14.00 часот на улиците: Борис Кидрич, Мечкин Камен и Егејска.

**РЦУК – Велес**, ја пренесува информацијата од **ЈКП Дервен** од Велес, во која се наведува дека поради изведување на нов приклучок, во период од 12:30 до 13:30 часот, без вода останале корисниците од **ул.Живко Фирфов.**

*3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 23.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **од 09:00 до 15:00 часот, корисниците на дел од с. Али Коч, с. Коџалија, с. Бучим, Населба Дамјан, с.Супурге, с.Прналија и Тополница. (опш.Струмица)**
- **од 09:00 до 15:00 часот, корисниците на дел од СРЦ „Кале“, и околни објекти, ул.Лазар Личеноски. (опш.Аеродром-Скопје)**
- **од 08:30 до 12:00 часот, корисниците на дел од дел од ул. Киро Рисотвски Дрнц кај Дамаск Кафе. (опш.Тетово)**
- **од 08:30 до 12:00 часот, корисниците на дел од дел од корисниците во с. Железница. (опш.Кратово)**
- **од 10:05 до 14:30 часот, корисниците на дел од с. Умлена и с.Чифлик. (опш.Делчево)**
- **од 10:30 до 16:00 часот, корисниците на дел од Дел од корисниците кон с. Бајрамовци. (опш.Струга)**
- **од 09:00 до 13:00 часот, корисниците на дел од бул.Партизански одреди згр.бр.153. (опш.Ѓорче Петров-Скопје)**
- **од 08:00 до 16:00 часот, корисниците на дел од с.Горно и Долно Трогерци. (опш.Штип)**
- **од 09:00 до 15:00 часот, корисниците на дел од дел од ул.Бистра Планина. (опш.Прилеп)**
- **од 10:00 до 13:00 часот, корисниците на дел од нас.Маврови Анови, с.Маврово, с.Никифорово, с.Леуново. (опш.Гостивар)**

- **од 10:00 до 13:30 часот, корисниците на дел од ул. Јордан Златановски, дел од ул. Љубо Божиновски Пиш, дел од ул. Пробиштипска. (опш.Тетово)**
- **од 08:00 до 12:00 часот, корисниците на дел од Село Враништа. (опш.Струга)**
- **од 09:00 до 13:00 часот, корисниците на дел од БОГОВИЊЕ,. (опш.Тетово)**
- **од 09:00 до 12:00 часот, корисниците на дел од ул. Мара Маждуречка и ул. Иван Манолев (Алекса Дундиќ), Ул. Ферид Бајрам, од училиштето Панајот Гиновски до ул. Мара Маждуречка. (опш.Скопје Васил Главинов)**
- **од 08:00 до 15:00 часот, корисниците на дел од ВИНИЦА - в. н. Обозна, в. н. по течението на река Осојница и с.Лаки (опш.Кочани)**
- **од 08:15 до 12:00 часот, корисниците на дел од ул. Натанаил Кучевишки, Дел од ул. Хо Ши Мин (спроти ОУ. Живко Брајковски), ул. Краишка(опш.Бутел-Скопје)**
- **од 10:10 до 16:00 часот, корисниците на дел од село Бачишта. (опш.Кичево)**
- **од 09:00 до 12:00 часот, корисниците на дел од с. Желино. (опш.Тетово)**
- **од 09:00 до 12:00 часот, корисниците на дел од цело с.Петралинци. (опш.Струмица)**

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** работел со снага од 196 MW, **ТЕ – 2** работел со снага од 200 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 185 MW.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 1.848.000 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 230.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 8.291 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 321.000 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:45** часот на ден **22.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Виадукт Трејд дека на ден 19.08.2019 ќе се започне со изведување на градежни активности за поставување на електрично осветлување на крстосница Катланово на магистрален пат А1, делница Петровец - Катланово, во времетраење од 30 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Виадукт Трејд известува дека на ден 19.08.2019 ќе започне со изведување на градежни активности на дел од ул. "Ѓорче Петров" од крстосница со бул. "Кузман Јосифовски Питу" до БС Макпетрол, патен правец Скопје - Тетово,во времетраење од 10 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај (пренасочување на соседните улици, како и автобуските станици на ЈСП).

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истата важи за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

**4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА**

***4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза***

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ**
До недела ќе се задржи стабилно и топло време. Зголемување на облачноста ќе има во петок и сабота а од недела попладне и во наредните денови ќе има појава на ликален пороен дожд, грмежи и засилен ветер.

***4.2. Институт за трасфузиологија***

**РЦУК – Скопје, ја пренесува информацијата од Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија во која се наведува дека на ден 22.08.2019 год. (понеделник) се планирани следните крводарителни акции: со граѓаните на Куманово-Традиционална летна крводарителна акција, со граѓаните на Кавадарци и со граѓаните на Штип.**

***4.3. Минирања***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **рудници „Бањани“** во која се наведува дека до крајот на месецот, само во работни денови, од нивна страна ќе бидат изведени по две минирања во периодот меѓу 09:00 и 10:00 часот и 13:00 и 14:00 часот во **„Каменоломот Бањани“**.

### *4.4.Останато*

**РЦУК – Штип**, известува дека екипи на фирмата Зотокс дооел-Скопје ќе ја спроведат ВТОРАТА ФАЗА од ТЕРИСТИЧКАТА ДЕЗИНСЕКЦИЈА со цел уништување на комарците. Третирањето ќе се врши со соодветна апаратура поставена на специјално возило, а ќе се применува препарат AQUA K-OTHRINE со активна супстанца DELTAMETRIN.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.233 од 21/22.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/233 од 21.08.2019; Вонредна Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/497 од 21.08.2019; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/499 од 21.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/278 од 20.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/233 од 21.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/232 од 21.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/327 од 21.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-253 од 21.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од МЖСПП од 21.08.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 21.08.2019;Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 21.08.2019; Известувања од АМСМ од 21/22.08.2019.

**Подготвил:** Даниел Крстевски
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**
1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**

**Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
**Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
**Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
**Кабинет на Министерот**
**Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
**Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива